USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

eGov Project

# Електронски систем за јавни набавки (ЕСЈН)

## Зголемена транспарентност и заштеди на парите на даночните обврзници

**https://www.e-nabavki.gov.mk**

### Цел

Да се воведе модерен електронски систем за јавни набавки во Македонија, кој значително ќе ги намали можностите за корупција во оваа област и ќе овозможи заштеди на парите на даночните обврзници преку намалување на цените.

### Функционалности на апликацијата

- ЕСЈН ја опфаќа целокупната постапка за јавна набавка во согласност со законската регулатива - интерна подготовка и објавување на постапката, електронско поднесување на понуди, јавно отворање и евалуација на добиените понуди и комуникација помеѓу договорните органи и економските оператори.
- ЕСЈН го овозможува спроведувањето на електронски аукции, како новина во Република Македонија и како многу ефикасен метод за остварување на заштеди на парите на договорните органи.
- Секој економски оператор ќе може бесплатно да се регистрира за преку е-маил да добива информации за нови објавени тендери кои се од негов интерес.
- ЕСЈН е целосно во согласност со Директивите за јавни набавки на ЕУ и функционалните барања за електронски јавни набавки на ЕУ.

### Корисници

- Биро за јавни набавки
- Договорни органи
- Економски оператори
- Државна комисија за жалби

### Посебни придобивки

- ***За договорните органи*** **-** Зголемена *транспарентност* и *ефикасност* – појасна слика за трошењето на парите на даночните обврзници; значителни заштеди на пари; скратување на времето во процесот на евалуација на понудите; поефикасни и стандардизирани работни постапки; зголемен број понудувачи.
- ***За деловната заедница*** **-** Зголемена *конкурентност* и *нови деловни можности* за да се стане добавувач на јавните институции; намалени можности за корупција; зголемена доверба во постапките за јавни набавки; значително намалени трошоци за учество на тендери.
- ***За Бирото за јавни набавки*** **-** Подобрено *следење* на спроведените јавни набавки; автоматизиран механизам на контрола.
- ***За општеството во целост*** - *Одговорност* и *доверба* за трошењето на јавните пари; заштеди на јавни средства.

### Статус

Почнувајќи од април 2006 година, ЕСЈН го користеа неколку институции. Надградената верзија од системот, која ги опфати измените во новиот Закон за јавни набавки, беше инсталирана во јануари 2008 година. Како резултат на огромната поддршка од Владата на Република Македонија, користењето на ЕСЈН постојано се зголемуваше во текот на 2008 година. Најновите дополнувања на законот предвидуваат постепено задолжително користење на електронските аукции (30% од постапките во 2010, 50% во 2011 и 100% во 2012).

**www.eGov.org.mk**

Проект е-Влада
Дане Крапчев 18
1000 Скопје
Република
Македонија
Тел: +389 2 3231 104
Факс: +389 2 3220 636

info@eGov.org.mk